**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
# УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

Со имплементацијата на новиот платен систем на Република Македонија, од 01.01.2002 година започнува примената на **новите платни инструменти,** пропишани со Упатството за формата и содржината на платните инструменти за вршење на платниот промет во земјата. Согласно со ова Упатство, **за плаќање на обврските по основ на јавни приходи** (даноци, придонеси, царини, акцизи и сл.) се користи инструментот **НАЛОГ ЗА ПЛАЌАЊЕ НА ЈАВНИ ПРИХОДИ (образец ПП 50).**

***Правилното евидентирање на плаќањето можно е само ако податоците во налогот за плаќање се пополнети правилно и точно. Заради тоа, при пополнувањето на налогот за плаќање обрнете внимание на следново:***

## Објаснување за начинот на пополнување на Налогот за плаќање на јавни приходи (образец ПП 50)

Во делот на налогот **-НАЛОГОДАВАЧ-** даночниот платец како налогодавач пополнува податоци со кои ќе овозможи своја идентификација. При тоа, даночниот платец **задолжително** ги пополнува следните податоци:

- ***назив и седиште на налогодавачот*** — Даночниот платец - правно лице го пополнува својот назив и седиште на начин како што е запишан во судскиот регистар, а даночниот платец - физичко лице го пополнува своето име, презиме и адреса од документот за идентификација - лична карта или пасош.
- ***сметка на налогодавачот*** — Се пополнува бројот на сметката на даночниот платец кај носителот на платниот промет. Овој податок секогаш е составен од 15 нумерички знаци.
- ***даночен број или ЕМБГ*** — Овој податокот овозможува точна идентификација на даночниот платец, се разбира ако е точно пополнет. Даночниот платец - правно лице како свој идентификатор го пополнува својот Единствен даночен број доделен од Управата за јавни приходи, а даночниот платец - физичко лице го пополнува својот Единствен матичен број на граѓанинот. Овој податок секогаш е составен од 13 нумерички знаци
- ***повикување на број - задолжување*** — Се пополнува податок, комбиниран од нумерички и алфанумерички знаци, кој служи за објаснување на намената и основата за плаќање. На пример, при плаќање на даноци и придонеси од плата, задолжително се пополнува податокот за месецот и годината за кој се однесува плаќањето, бројот на вработени и износот на нето платата, во форма ММГГ-ННННН-ННННННН...; при плаќање на јавна давачка по решение на Управата за јавни приходи се пополнува бројот на решението за задолжување и т.н.
- ***потпис (на налогодавачот)*** — Со потписот на овластеното лице кое во платниот промет го претставува правното лице-налогодавач, односно со потписот на физичкото лице-налогодавач, се одобрува извршувањето на плаќањето. Само ако инструментот содржи потпис на налогодавачот истиот претставува налог за плаќање.

За дополнување на информациите кои се внесени на полињата кои задолжително се пополнуваат, во овој дел на налогот за плаќање даночниот платец (налогодавач) **може да ги пополни и следните податоци:**

- ***банка на налогодавачот*** — Овде се внесува називот на банката во која се наоѓа сметката на даночниот платец каде истиот го поднесува инструментот заради извршување на платната трансакција.
- ***цел на дознака*** — Овде се внесува опис на намената и основата за плаќање со што се овозможува контрола на податоците впишани во елементот ″повикување на број″, на пример: данок на плати за месец 12/2001; аконтација на данок на добивка за месец 12/2001; данок на недвижен имот за 2001 година и т.н.

**Важна напомена:** Ако даночниот платец (налогодавачот) со налогот за плаќање на јавни приходи врши **плаќање на јавна давачка во име и на сметка на друго лице,** податоците во делот **-НАЛОГОДАВАЧ-** се пополнуваат на следниот начин:

- ***даночен број или ЕМБГ*** — Се пополнува Единствениот даночен број на правното лице, односно Единствениот матичен број на граѓанинот на физичкото лице во чие име и на чија сметка се врши плаќањето, со што се дава идентификација на лицето на чија сметка треба да се евидентира плаќањето во Управата за јавни приходи.

- ***повикување на број - задолжување*** Се внесува податок за објаснување на намената и основата на плаќањето на јавната давачка за лицето во чија сметка се врши плаќањето.
- ***цел на дознака*** Се пополнува називот и седиштето, односно името, презимето и адресата на лицето во чие име и на чија сметка се врши плаќањето
- ***останати податоци*** Останатите податоци се пополнуваат на вообичаен начин како што е опишано во ова објаснување.

Во делот на налогот **-ПРИМАЧ-** се пополнуваат податоци за идентификација на примачот на средствата и други податоци за плаќањето на јавниот приход. Даночниот платец, како учесник во плаќањето, **задолжително** ги пополнува следниве податоци:

- ***назив и седиште на примачот***
- ***банка на примачот***
- ***сметка на примачот*** (Овој податок секогаш е составен од 15 нумерички знаци.)

Овие три елементи содржат податоци за идентификација на примачот на средствата кои, при плаќање на јавни приходи: даноци, акцизи и придонеси, се насочени во Буџетот на Република Македонија, во буџетите на единиците на локалната самоуправа и во фондовите кои се финансираат од придонеси. Податоците кои треба да се пополнат, зависно од видот на јавниот приход што се плаќа, се следните:

- ***при плаќање на даноци и акцизи***
  Примач: **Трезорска сметка**
  Банка на примачот: **Народна Банка на РМ**
  Сметка на примачот: **100000000063095**
- ***при плаќање на придонес за пензиско и инвалидско осигурување***
  Примач: **Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на Република Македонија**
  Банка на примачот: **Стопанска Банка Скопје**
  Сметка на примачот: **200000002709105**
- ***при плаќање на придонес за здравствено осигурување***
  Примач: **Фонд за здравствено осигурување на Република Македонија**
  Банка на примачот: **Македонски Банка Скопје**
  Сметка на примачот: **220524100141921**
- ***при плаќање на придонес за вработување***
  Примач: **Завод за вработување на Република Македонија**
  Банка на примачот: **Македонска Банка Скопје**
  Сметка на примачот: **220524100149584**

- ***износ*** Ова е нумерички податок од најмногу 10 цифри, со тоа што, доколку податокот содржи помалку од 10 цифри, пред првата цифра во износот се ставаат две ѕвездички (**) за да се минимизира злоупотребата. Износот се пополнува во македонски денари со дени во две децимали.

- ***уплатна сметка***
- ***сметка на буџетски корисник***
- ***приходна шифра и програма***

Ови три елементи содржат податоци за уплатната сметка и приходната шифра за евидентирање на приливот на јавниот приход, како и податоци за сметката и програмата на буџетскиот корисник.

Уплатните сметки за јавните приходи се пополнуваат според **Шифрарникот на уплатни сметки за јавни приходи и Списокот на општини со ознаки во Република Македонија** кои се составен дел на Упатството за начинот на евидентирање и распоредување на јавните приходи (″Службен весник на Република Македонија″ број 100/2001). Уплатната сметка е податок кој се состои од најмногу 15 нумерички знаци кои се поделени во три групи.

Првата група се состои од три нумерички знаци, од кои првите два секогаш се 8 и 4, и го покажува видот - групата на јавниот приход, и тоа:

- група 840 - Приходи на Републиката и на единиците на локалната самоуправа (данок на добивка, персонален данок на доход, данок на промет на производи и услуги, данок на додадена вредност, акцизи, даноци на имот и комунални такси)
- група 843 - Приходи на социјалните фондови (приходи на Фондот за здравствено осигурување, приходи на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување на Македонија и приходи на Заводот за вработување)
- група 842 - Приходи на други фондови и други приходи.

Втората група се состои од три нумерички знаци кои претставуваат статистичка ознака на општината каде се плаќа приходот, на пример: Битола - 002, Куманово - 015, Тетово - 029 и т.н. Третата група се состои од најмногу пет нумерички знаци кои го определуваат типот на јавниот приход што се плаќа.

Секоја уплатна сметка има соодветна приходна шифра (приходно конто) пропишана со Шифрарникот, а во согласност со Правилникот за класификација на приходите (″Службен весник на Република Македонија″ број 100/2001). Приходната шифра е податок составен од шест нумерички знаци, од кои првиот знак секогаш е 7. Пример:

| *Уплатна сметка* | | | *Приходна шифра* |
|---|---|---|---|
| *Група* | *Тип на приход* | *Назив на сметката* | |
| 840 | 1125 | Данок на добивка остварена во трговски друштва, јавни претпријатија и др. | 711212 |
| 840 | 1216 | Данок на плати и други лични примања по основ на работен однос на вработени во трговски друштва, јавни претпријатија и кај др. лица | 711112 |
| 843 | 37 | Придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати и надоместоци од плати на вработени кај правни лица | 712213 |

**Напомена:** Сметка и програма на буџетскиот корисник се податоци кои се пополнуваат кога се врши плаќање во корист на сметките на корисниците и единките-корисници на Буџетот на Република Македонија за извршени услуги од нивна страна (надоместоци, партиципации, школарини и сл.). Овие елементи не се пополнуваат при плаќање на приходи по основ на даноци, акцизи и придонеси.

- ***датум на уплата***
- ***место на уплата***
- ***датум на валута***

Даночниот платец задолжително внесува податок за датумот и местото на уплатата, а носителот на платниот промет го верификува податокот за датумот на уплатата. Даночниот платец треба да го означи и датумот кога од неговата сметка треба да се симнат средства за да се реализира плаќањето (датум на валута).

- ***начин (на плаќање)***

Ако даночниот платец бара од носителот на платниот промет плаќањето да го изврши надвор од неговиот систем, тоа ќе го дефинира со пополнување на овој елемент на налогот со шифра 1 - за плаќање преку МИПС-системот на НБРМ или со шифра 2 - за редовно плаќање. Доколку пак овој елемент не е кодиран, плаќањето нема да добие третман на итно плаќање.

Налогот за плаќање на јавни приходи содржи и **талон - ПОТВРДА** која останува кај даночниот платец откако носителот на платниот промет ќе изврши контрола на идентичноста на податоците внесени во инструментот. Покрај другите податоци, потврдата содржи и ***место за потврда на приемот,*** каде носителот на платниот промет става доказ дека го примил налогот за извршување на трансакцијата.

Доколку Налогот за плаќање на јавни приходи не содржи талон - потврда, истиот треба да биде составен од два примерока на кои се обезбедува пренос на податоците преку самокопирачка или пресликувачка хартија, при што вториот примерок останува кај даночниот платец.

***Почитувани обврзници, подетални објаснувања со примери за пополнување на Налогот за плаќање на јавни приходи може да најдете на ВЕБ-страницата на Управата за јавни приходи (www.ujp.gov.mk), во регионалните дирекции и даночните одделенија на Управата за јавни приходи, како и кај деловните банки овластени за вршење на платен промет.***

***Со почит,***

***УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ***

# ПРИМЕРИ ЗА НАЧИНОТ НА ПОПОЛНУВАЊЕ НА ОБРАЗЕЦОТ ПП50

Уплата за данок на добивка остварена кај корисници на Буџетот на РМ од областа на законодавната, извршната и судската власт, единките корисници на средствата од Буџетот на РМ, единиците на локалната самоуправа и градот Скопје, фондовите основани со закон

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПОТВРДА ЗА НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИЗНОС МКД

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

МЕСТО ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: 15012001

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: ОУ Јане Сандански - Скопје

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

СМЕТКА: 200000000001 2 1 1 6

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ: 4030988456721

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: данок на добивка од корисници на Буџетот на РМ и сл.

ПОТПИС: П. Петровски

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Трезорска сметка

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: НАРОДНА БАНКА НА РМ

СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС МКД: **10500,00

УПЛАТНА СМЕТКА: 840 032 01055

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 711211

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА: 15012001

МЕСТО НА УПЛАТА: Скопје

образец ПП50

Уплата за персонален данок на доход на плати и други лични примања по основа на работен однос на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци и кај други правни и физички лица што вршат дејност кои **не се** корисници на Буџетот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПОТВРДА ЗА НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИЗНОС МКД

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

МЕСТО ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: 15012001

НАЛОГОДАВАЧ

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: Коки - Скопје, ТП Костадин Павловски

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

СМЕТКА: 200000000001 2 1 1 6

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ: 5030988456722

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 1201-00014-345708

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: данок на плати и др. лични примања на вработени лица во трговски друштва, јавни претпријатија, кај трговци-поединци

ПОТПИС: К. Павловски

ПРИМАЧ

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Трезорска сметка

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: НАРОДНА БАНКА НА РМ

СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС МКД: **10500,00

УПЛАТНА СМЕТКА: 840 032 01216

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 711112

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА: 15012001

МЕСТО НА УПЛАТА: Скопје

образец ПП50

## Уплата на персонален данок на доход утврден со годишно решение на органот за јавни приходи

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПОТВРДА ЗА НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИЗНОС МКД

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

МЕСТО ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: 15012001

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: Петар Петровски, Народен фронт 12/3, 1000 Скопје

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

СМЕТКА: 200000000012116

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ: 3101967450124

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 16-1543/1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: данок на доход утврден со годишно решение на органот за јавни приходи

ПОТПИС: П. Петровски

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Трезорска сметка

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: НАРОДНА БАНКА НА РМ

СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД **10500,00

УПЛАТНА СМЕТКА: 840 032 14193

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 711127

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА: 15012001

МЕСТО НА УПЛАТА: Скопје

*образец ПП50*

## Уплата на придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати на работници кај лица кои вршат самостојна дејност

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПОТВРДА ЗА НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИЗНОС МКД

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

МЕСТО ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: 15012001

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: Имагинација ТП Панде Петкоски, Прилеп

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

СМЕТКА: 200000000012116

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ: 5021999100123

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 1201-0005-144205

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: придонес за задолжително здравствено осигурување од бруто плати на работници кај лица кои вршат самостојна дејност

ПОТПИС: П. Петкоски

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Фонд за здравствено осигурување

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: МАКЕДОНСКА БАНКА А.Д. СКОПЈЕ

СМЕТКА: 220524100141921

ИЗНОС: МКД **6500,00

УПЛАТНА СМЕТКА: 843 018 00063

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 712216

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА: 15012001

МЕСТО НА УПЛАТА: Прилеп

*образец ПП50*

## Уплата на придонес за пензиско и инвалидско осигурување на физички лица што вршат самостојна дејност

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПОТВРДА ЗА НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИЗНОС МКД

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

МЕСТО ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: 15012001

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: Петар Петровски, Народен фронт 15/6, 1000 Скопје

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

СМЕТКА: 200000000012116

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ: 0203958450178

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 16-1234/56

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: придонес за пензиско и инвалидско осигурување на физички лица што вршат самостојна дејност

ПОТПИС: П. Петровски

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Фонд за пензиско и инвалидско осигурување на РМ

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: СТОПАНСКА БАНКА АД СКОПЈЕ

СМЕТКА: 200000002709105

ИЗНОС: МКД **5000,00

УПЛАТНА СМЕТКА: 843 032 00180

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 712116

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА: 15012001

МЕСТО НА УПЛАТА: Скопје

*образец ПП50*

## Уплата на данок на имот

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ПОТВРДА ЗА НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

СМЕТКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

ИЗНОС МКД

СМЕТКА НА ПРИМАЧОТ

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА

УПЛАТНА СМЕТКА

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА

МЕСТО НА УПЛАТА

МЕСТО ЗА ПОТВРДА НА ПРИЕМ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

НАЛОГ ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

ДАТУМ НА ВАЛУТА: 15012001

**НАЛОГОДАВАЧ**

НАЗИВ НА НАЛОГОДАВАЧОТ: Станка Трајковска, Кочо Рацин 32, Штип

БАНКА НА НАЛОГОДАВАЧОТ

СМЕТКА

ДАНОЧЕН БРОЈ или ЕМБГ: 2904963455091

ПОВИКУВАЊЕ НА БРОЈ - ЗАДОЛЖУВАЊЕ: 16-23404/1

ЦЕЛ НА ДОЗНАКА: данок на имот

ПОТПИС: С. Трајковска

**ПРИМАЧ**

НАЗИВ НА ПРИМАЧОТ: Трезорска сметка

БАНКА НА ПРИМАЧОТ: НАРОДНА БАНКА НА РМ

СМЕТКА: 100000000063095

ИЗНОС: МКД **5000,00

УПЛАТНА СМЕТКА: 840 028 02507

СМЕТКА НА БУЏЕТСКИ КОРИСНИК - ЕДИНКА КОРИСНИК

ПРИХОДНА ШИФРА И ПРОГРАМА: 713111

НАЧИН

ДАТУМ НА УПЛАТА: 15012001

МЕСТО НА УПЛАТА: Штип

*образец ПП50*